Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk** со назнака **Иницијатива за ГПРВ 2026**, до **15.9.2025 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5922020

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 19, кат 2 Општина Карпош, 1000 Скопје

Застапник: Бардил Јашари

Веб страница: https://metamorphosis.org.mk/

Електронска пошта (e-mail): info@metamorphosis.org.mk

Телефонски број за контакт: +389 2 3109 325; 070 327 261

Лице за контакт: Данче Даниловска Бајдевска

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година**

**Наслов на иницијативата:** Креирање на Национална стратегија за вештачка интелигенција

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

Креирањето на Национална стратегија за вештачка интелигенција директно придонесува кон три стратешки приоритети на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028, односно:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти.

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu)

- ‘Конкуренција и инклузивен раст’/ Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми
- Дигитална агенда за Западен Балкан
- Дигитална Европа
- План за раст на Западен Балкан
- Закон за вештачка интелигенција (AI Act)
- Рамковна конвенција на Советот на Европа за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото (Council of Europe Framework Convention on Artificial Intelligence and Human Rights, Democracy and the Rule of Law)

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

Постигнувањето на баланс помеѓу иновациите и заштитата на основните човекови права бара одговорен развој на технологиите, каде што етички стандарди се вградени во самите процеси на креирање и примена на новите решенија. Иновациите, особено оние што се изградени со вештачка интелигенција, треба да бидат насочени кон подобрување на животот на луѓето, но притоа да се осигураме дека тие не ги нарушуваат човековите права, како приватноста, правото на недискриминација и правото на праведен процес. Па затоа, воведувањето на јасни регулативи кои ќе ги следат етичките и правните принципи, како и постојанатото следење и оценување на нивното влијание врз човековите права, се клучни за воспоставување на овој баланс.

Како еден од најголемите двигатели на глобалната дигитална трансформација и развој на општествата во 21-от век, вештачката интелигенција има моќ да ги промени сите сегменти од нашето секојдневие, од економскиот раст, пазарот на труд, здравството и образованието, па сè до функционирањето на јавната администрација и политичките процеси. Како земја кандидат за членство во Европската Унија (ЕУ), Северна Македонија е обврзана да се движи во насока на усогласување со европските и меѓународните стандарди во оваа област. Сепак, во моментов државата нема воспоставено систематизиран и координиран пристап кон етичкиот развој и примена на вештачката интелигенција, што создава сериозни празнини и ја става земјата во позиција на заостанување во однос на соседните земји и поширокиот европски простор, но и остава простор за злоупотреба на вештачката интелигенција.

Недостатокот на Национална стратегија за вештачка интелигенција е клучна пречка за систематско и етичко искористување на потенцијалот на оваа технологија. Претходните, но и постоечките иницијативи за нејзина примени, се ад хок, без институционална континуираност, а и без регулирана етичка употреба на вештачката интелигенција врз основа на етички стандарди. Пример за тоа е дигиталниот асистент АДА кој беше најавен како прво решение базирано на вештачкта интелигенција за испорака на јавни услуги,

но веќе не е во функција. Ова сведочи за недоволна визија и поддршка за долгорочни решенија. Дополнителен проблем е недостигот на отворени податоци и тоа што порталот data.gov.mk подолг период не беше достапен, што не само што ја намалува транспарентноста, туку и го ограничува развојот на системи базирани на вештачка интелигенција кои се хранат и усовршуваат преку големи, репрезентативни и квалитетни податочни сетови.

Оваа состојба е резултат на неколку причини: 1) Недостасува координација меѓу институциите кои работат на дигитална трансформација, иновации, сајбер безбедност и заштита на човековите права, што резултира со „фрагментирани" политики и отсуство на интегриран пристап; 2) Нема доволно инвестирање во развој на човечки ресурси со потребните дигитални и аналитички компетенции кои би ја поттикнале практичната примена на вештачката интелигенција во јавниот и приватниот сектор; и 3) Постои ризик од нарушување на човековите права, приватноста и безбедноста на граѓаните, поради недостаток на механизми кои би обезбедиле етички надзор врз автоматизираното донесување одлуки и би спречиле дискриминација и пристрасност во алгоритмите. Автоматскотото донесување на одлуки од страна базирани на вештачка интелигенција може значително да влијае на транспарентноста и правото на праведен процес, особено кога алгоритмите се користат како „црни кутии" и не е јасно како се донесуваат одлуките. Ова го загрозува правото на луѓето да разберат зошто и како е донесена одредена одлука, што е особено важно во контексти како вработување, здравствена заштита, социјална заштита или правосудство. Пристрастноста во алгоритмите може да се појави кога ваквите системи се обучени преку податочни сетови кои содржат социјални или историски предрасуди, што пак води до неправедни одлуки кои дискриминираат одредени групи на граѓани.

Истражувањето на Фондација „Метаморфозис" за ефектот на новите технологии, со особен фокус на вештачката интелигенција, врз човековите права на интернет јасно укажува на тоа дека граѓаните, особено маргинализираните заедници, се подложни на ризици од измами, злоупотреби преку неконтролирани дигитални алатки засновани на вештачка интелигенција и дезинформации. Исто така, Државниот завод за ревизија во својот најнов извештај посочува дека „Јавниот сектор не е подготвен за користење на вештачка интелигенција во своите активности во отсуство на стратешка и законска рамка, акциски планови, буџет за развој, како и состојбите со ИКТ инфраструктура и човечки ресурси", што ја прави потребата од оваа стратегија уште поголема.

Дополнително, Северна Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ каде што веќе подолго време е усвоен Закон за вештачка интелигенција (AI Act) кој ќе стане обврзувачки за сите земји членки и кандидати, е исправена пред уште еден предизвик за регулирање на вештачката интелигенција. Овој закон поставува правила за категоризација на системите базирани на вештачка интелигенција според нивото на ризик, бара посебна регулација и контрола за високоризични апликации и предвидува строги стандарди за транспарентност, етичност и заштита на човековите права. Исто така, со усвојувањето на Закон за дигитални услуги (Digital Services Act), Закон за дигитални пазари (Digital Markets Act) и новите правила за слобода на изразување и медиумска регулација, Северна Македонија ќе има јасна обврска да ја усогласи својата регулатива и политики со европската рамка.

Не помалку значајни се и меѓународните документи меѓу кои Рамковна конвенција на Советот на Европа за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото, и препораките на УНЕСКО за етичка примена на вештачката интелигенција, кои укажуваат на тоа дека пристапот кон вештачка интелигенција не смее да се сведе само на техничка регулација, туку мора да го опфати и аспектот на заштита на фундаменталните човекови права, инклузивноста и спречувањето на продлабочување на социјалните нееднаквости.

Целта на **креирањето на Национална стратегија за вештачка интелигенција** е воспоставување на јасна, долгорочна и сеопфатна рамка за развој и примена на оваа технологија во Северна Македонија која ќе обезбеди просперитет но и зачувување на човековите права и слободи. Стратегијата треба да овозможи забрзан и одржлив економски раст преку поддршка на ИКТ секторот, иновациите и стартап екосистемот, но и да обезбеди повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните преку побрзи, поефикасни и инклузивни јавни услуги. Таа треба да поттикне модерна и ефикасна јавна администрација, која ќе може да ја користи вештачката интелигенција за подобрување на транспарентноста, ефикасноста и комуникацијата со граѓаните и деловните субјекти, и да придонесе кон успешното водење на пристапните преговори со Европската Унија.

Стратегијата треба да се заснова на неколку клучни принципи за нејзин етички развој и употреба, како и да предвиди поставување или усвојување на јасни правила за создавање, употреба и надзор над системите базирани на вештачка интелигенција. Стратегијата треба да воспостави етички стандарди и механизми за заштита на човековите права, приватноста и безбедноста, особено во случаи на автоматизирано донесување одлуки. Исто така, треба да предвиди инклузивност и активно вклучување на маргинализираните заедници во дизајнот и тестирањето на решенија базирани на вештачка интелигенција за да се избегне нивна дополнителна дискриминација или исклученост. Стратегијата треба да ја стимулира економијата преку поттикнување на стартапи, јавно-приватни партнерства и научноистражувачка дејност во областа на вештачката интелигенција.

Дополнително, Националната стратегија за вештачка интелигенција треба да вклучува јасно дефинирани цели, мерливи индикатори и план за имплементација со временска рамка. Таа треба да предвиди развивање на техничка инфраструктура, унапредување на порталот за отворени податоци, како и развивање на човечки ресурси преку интегрирање на соодветни содржини во образовниот систем и обезбедување на програми за доживотно учење. Само со ваков сеопфатен пристап Северна Македонија ќе може да изгради дигитално отпорно, инклузивно и конкурентно општество кое се движи во чекор со европските и глобалните трендови но и ќе ги штити човековите права и слободи.

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

Надлежен орган за оваа иницијатива треба да биде Министерство за дигитална трансформација во соработка со Агенција за иновации, научно технолошки развој и претприемништво.

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

- Примената на вештачката интелигенција ќе ја зголеми продуктивноста и конкурентноста на компаниите, стимулирајќи иновации и создавање нови работни места, и овозможување на оптимизација на трошоци и привлекување странски инвестиции кои ќе го зајакнат економскиот раст на државата;
- Етичкатата примена на вештачката интелигенција ќе овозможи поинклузивни јавни услуги и подобар пристап на маргинализираните групи, а дополнително и ќе ја зголеми дигиталната писменост и учеството на граѓаните во демократските процеси;
- Вештачката интелигенција ќе помогне во рационално користење на природните ресурси и намалување на негативното влијание врз околината, што ќе овозможи подобро планирање на инфраструктурата, транспортот и енергетските системи, поттикнувајќи одржливи практики;

- Етички контролираните системи кои се базираат на вештачка интелигенција ќе ја подобрат ефикасноста и транспарентноста на јавната администрација, и ќе овозможат побрзо донесување одлуки и намалување на бирократските пречки, како и зголемување на довербата на граѓаните;
- Вештачката интелигенција ќе ја поттикне интеграцијата на дигитални и аналитички вештини во образовниот систем и професионалните програми за обука, што понатаму ќе овозможи развој на компетентна работна сила подготвена за безбедна и етичка употреба на технологиите;
- Националната стратегија ќе ја стимулира научноистражувачката дејност и развојот на нови технологии, поддржувајќи истражувања кои ќе бидат насочени кон безбедни, иновативни и етички решенија кои одговараат на потребите на граѓаните и економијата;
- Воспоставувањето на етички стандарди ќе го намали ризикот од дискриминација и злоупотреба на податоците на граѓаните, и ќе обезбеди заштита на приватноста и човековите права во случаите на автоматизирано донесување одлуки;
- Усогласувањето со европските регулативи ќе ја зајакне позицијата на Северна Македонија како доверлив партнер во регионални и глобални иницијативи, особено со поглед на ЕУ, Советот на Европа и УНЕСКО, што ќе овозможи соработка во рамки на етички стандарди и интероперабилност со меѓународните системи поврзани со вештачка интелигенција;
- Иако спроведувањето на стратегијата бара почетни инвестиции, долгорочно таа ќе доведе до оптимизација на процесите и намалување на оперативните трошоци, а етичката и ефикасна примена на вештачката интелигенција ќе ја обезбеди нејзината финансиска одржливост;
- Етичката примена на вештачката интелигенција ќе ја зголеми довербата на граѓаните во институциите и јавните услуги, и дополнително ќе ги поттикне граѓаните да учествуваат активно во дигиталните демократски процеси и креирањето политики.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

Предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации. Потребните средства не се обезбедени.

**Прилози** (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

- проф. д-р Игор Камбовски, м-р Елена Стојановска, „Истражување за ефектот на новите технологии, со особен фокус на вештачката интелигенција, врз човековите права на интернет“, Достапно на: https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/istrazuvanje-za-efektot-na-novite-tehnologii-so-osoben-fokus-na-veshtachkata-inteligencija-vrz-chovekovite-prava-na-internet-i-razvivanje-etichki-standardi/
- Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема можност за употреба на вештачката интелигенција во јавниот сектор“, Достапно на: https://dzr.mk/sites/default/files/2025-08/KRI_RUS_Vestacka_intelegencija_FINAL.pdf

15.9.2025 година

М.П.

Потпис на застапникот

------------------------